multi cultural communication

Produced by NSW HEALTH DEPARTMENT

Macedonian
November 2002
[DOH-7095]

# Инфекција со вирусот "барма форест"

## Barmah Forest virus infection

### Што е тоа "барма форест" вирус?

- Вирусот "барма форест" е бацил што може да ги инфицира луѓето ако ги касне комарец.
- Ако сте имале вирусна инфекција со вирусот "барма форест", тоа може да има заштитен ефект од патолошки инфекции.
- Вирусот "барма форест" е во родство со вирусот "рос ривер" (Ross River virus).

### Како се пренесува вирусот "барма форест"?

- Вирусот се пренесува преку одредени типови на комарци–женки.
- Женките комарци се хранат каснувајќи животни и луѓе. Ако каснале животно кое што било инфицирано, постои голема можност и комарецот да се инфицира. Потоа вирусот може да се пренесе на други животни или на луѓе кога инфицираниот комарец ќе ги касне со цел да се нахрани.
- Животните, како кенгури и волаби (мали кенгури), се смета дека се главните животни што се дел од тој циклус на инфекција.
- Вирусот не се пренесува од еден човек на друг.

### Кои се симптомите на инфекцијата со вирусот "барма форест"?

- Многу луѓе заразени од овој вирус нема да имаат никакви симптоми.
- Симптомите на инфекцијата со вирусот "барма форест" се слични со оние на инфекцијата од вирусот "рос ривер".
- Може да дојде до сиптоми слични на грип, со температура, треска, главобола и виење и болки во мускулите и зглобовите.
- Кај некои луѓе може да се појави оток и вкочанетост на зглобовите, кое е понагласено наутро.
- Понекогаш се појавува осип, најчесто на телото или на рацете и нозете. Овој осип обично се повлекува после 7 до 10 дена.
- Понекогаш може да дојде до чувство на замореност или слабост додека трае болеста, што може да се одрази и на животниот стил и на способноста за работење.

### После колку време се јавуваат симптомите откако ќе ве касне инфициран комарец?

- Симптомите се појавуваат помеѓу 5–21 ден, но најчесто помеѓу 7–10 дена откако ќе ве касне инфициран комарец.

### Колку долго трае болеста?

- Најголем дел од луѓето сосема ќе заздрават во рок од неколку недели. Други може да имаат симптоми од време на време во траење

- од три недели. Во многу ретки случаи, некои луѓе може да имаат симптоми над една година.
- Може да се очекува комплетно оздравување.

**Како се лечи инфекцијата од “барма форест” вирусот?**

- Не постои конкретен начин на лечење од инфекцијата со вирусот “барма форест”.
- Вашиот лекар ќе може да ви помогне во намалувањето на тегобите од симптомите.
- Многу одмор, заедно со умерена физичка активност и здрава исхрана, можат да помогнат во процесот на заздравување.

**Како ќе знам дали имам инфекција со вирусот “барма форест”?**

Ако имате симптоми, одете на лекар, кој што ќе ви даде упат за тестирање на крвта за да се одреди дијагнозата на инфекција со вирусот “барма форест”.

**Дали може да се спречи инфекцијата со вирусот “барма форест”?**

- Најважно при спречувањето на инфекцијата е да не ве касаат комарци, особено во летните и есенските месеци.
- Не останувајте надвор на отворено доцна попладне и приквечерина. Комарците се особено најактивни 1–3 часа после заоѓањето на сонцето и, повторно, во зорите.
- Кога сте на отворено носете комотни алишта, со светла боја, што ги покриваат рацете и нозете и употребувајте средтсво против комарци што ја содржи хемикалијата diethyl toluamide (DEET) или Picardin.
- Ставете мрежа на старите прозорци, врати и оџаци (кога не се во употреба) и одржувајте ги во добра состојба.
- Употребувајте инсектициди во просториите каде што се спие, следејќи ги упатставата.
- Отстранете ги отворените садови со вода околу вашиот дом за да го спречите размножувањето на комарците. Покријте ги отворите на резервоарите за вода со ситна челична мрежа за да ги спречите комарците да ги положуваат јајцата во резервоарот.
- Кога кампирате, преземете заштитни мерки како заштитни мрежи на караваните и шаторите и спијте под мрежа за заштита од комарци.
- Особено внимавајте додека ловите риби, следете ги правилата за лична претпазливост за да се заштитите од комарци.

**Повеќе информации - Оддели за јавно здравје во НЈВ (Publick Health Units in NSW)**

За повеќе информации обратете се кај вашиот лекар, локалната служба за народно здравје или општествениот здравствен центар (community health centre) – побарајте ги под “NSW Government” (Влада на НЈВ) на предниот дел од телефонскиот именик (White Pages).

**Градски подрачја**

| | |
|---|---|
| Central Sydney | 9515 3180 |
| South Eastern Sydney | 9382 8333 |
| Northern Sydney | 9477 9400 |

| | |
|---|---|
| South Western Sydney | 9828 5944 |
| Western Sydney | 9840 3603 |
| Wentworth | 4734 2022 |

**Селски подрачја**

| | |
|---|---|
| Central Coast | 4349 4845 |
| Mid North Coast | 6588 2750 |
| Mid Western | 6339 5548 |
| Hunter | 4924 6477 |
| Illawarra | 4255 2200 |
| New England | 6766 2288 |
| Northern Rivers | 6620 7500 |
| Macquarie | 6841 2216 |
| Southern | 4827 3428 |
| Greater Murray | 6021 4799 |
| Far West | (08) 8080 1499 |

**NSW Department of Health**
73 Miller Street
North Sydney NSW 2059
Tel. (02) 9391 9000
Fax. (02) 9391 9101
TTY. (02) 9391 9900

Вебсајт на NSW Health
www.health.nsw.gov.au